**Објавување и влегување во сила**

Член 127

Овој акт ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе влезе во сила на 1 септември 2024 година.

Су. бр. 639/24
28 мај 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
**Добрила Кацарска,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**2136.**

Врз основа на член 10 став (2) и член 31 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ВОЗДУХОПЛОВИ БЕЗ ЕКИПАЖ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните услови за безбедно користење, давање на соодветните услуги и вршење на летачки операции со воздухоплови без екипаж, системи на воздухоплови без екипаж и воздухопловни модели, за стручна оспособеност на лицата кои ги оперираат овие воздухоплови и системи и за стекнување на соодветните исправи, како и формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање или промена.

Член 2

Посебните услови за безбедно користење, давање на соодветните услуги и вршење на летачки операции со воздухоплови без екипаж, системи на воздухоплови без екипаж (во натамошниот текст: УАС) и воздухопловни модели, за стекнување на соодветните исправи, како и за стручна оспособеност на лицата кои ги оперираат овие воздухоплови и системи се пропишани во Регулативата (ЕУ) Бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот, изменета со ЕУ Регулативата 2021/1087 (во натамошниот текст: ЕУ Регулатива 2018/1139) која е прифатена согласно член 2 од Правилникот за заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство, Делегираната Регулатива (ЕУ) бр. 2019/945 на Комисијата од 12 март 2019 година за системи на воздухоплов без екипаж и за оператори од трети земји на системи на воздухоплов без екипаж (Глави III, IV и нејзиниот анекс), изменета со ЕУ Регулативата бр. 2020/1058 (во натамошниот текст: ЕУ Регулатива 2019/945), во Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2019/947 на Комисијата од 24 мај 2019 година за правилата и процедурите за оперирање на воздухоплови без екипаж, изменета со ЕУ Регулативите бр. 2020/639, 2020/746, 2021/1166 и 2022/425 (во натамошниот текст: ЕУ Регулатива 2019/947) и во Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2021/664 на Комисијата од 22 април 2021 година за регулаторна рамка за U-space, изменета со ЕУ Регулатива та бр. 2023/203 (во натамошниот текст: ЕУ Регулатива 2021/664), кои се прифатени и директно се применуваат, и кои се објавени на интернет страницата на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенција).

Член 3

(1) При спроведувањето на одредбите од овој правилник, одделни изрази го имаат следното значење:

1) EASA е Агенција на Европската унија за безбедност во воздухопловството,

2) Национална воздухопловна власт, надлежен орган, надлежен орган на земјите членки се толкуваат, ако е применливо, како Агенција за цивилно воздухопловство.

(2) Поимите „Заедница (Community)", „Право на заедницата (Community law)", „Законски прописи на Заедницата (Community legislation)", „Инструменти на Заедницата (Community instruments)", „Договор за ЕЗ (EC Treaty)", „Аеродром на Заедницата (Community airport)", „Службен весник на Европските Заедници (Official Journal of the European Communities)", „Службен весник на Европската Унија (Official Journal of the European Union)", „Авиопревозник од Заедницата (Community air carrier)" и „земја(-и) членка(-и) (Member State(s))" употребени во ЕУ Регулативите 2018/1139, 2019/947, 2019/945 и 2021/664 се читаат согласно точките 2 и 3 од Анексот II на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/07 и 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.259/19).

(3) Другите поими при спроведување на овој правилник ќе го имаат значењето утврдено во ЕУ Регулативите 2018/1139, 2019/947, 2019/945 и 2021/664, доколку поинаку не е утврдено со ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 4

(1) При спроведувањето на ЕУ Регулативата 2019/947 и нејзините измени од член 2 на овој правилник, се користат Прифатливите начини за усогласување (Acceptable Means of Compliance – AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material – GM) пропишани со Одлуката бр. 2019/021/R на извршниот директор на EASA, вклучувајќи ги и сите нејзини измени кои се однесуваат на тие ЕУ Регулативи, а кои се објавени на интернет страната на EASA, кои се прифаќаат и директно се применуваат.

(2) При спроведувањето на ЕУ Регулативата 2021/664 и нејзините измени од член 2 на овој правилник, се користат Прифатливите начини за усогласување (Acceptable Means of Compliance – AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material – GM) пропишани со Одлуката бр. 2022/022/R на извршниот директор на EASA, вклучувајќи ги и сите нејзини измени кои се однесуваат на тие ЕУ Регулативи, а кои се објавени на интернет страната на EASA, како и документот на EUROCONTROL U-space Airspace Risk Assessment - Method and Guidelines, кои се прифаќаат и директно се применуваат.

Член 5

(1) За стекнување на соодветните исправи се поднесува барање до Агенцијата со доказ за платена административна такса, доказ за платен надоместок согласно Тарифникот на Агенцијата и докази за исполнување на условите од член 2 на овој правилник.

(2) Формата, содржината, евиденцијата и постапката за издавање или промена на исправите од член 2 на овој правилник се утврдени во ЕУ Регулативите 2019/947 и 2021/664, како и во соодветните AMC/GM од член 4 на овој правилник.

(3) На постапките утврдени во став (2) на овој член супсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка доколку не е поинаку утврдено со ЕУ Регулативите 2019/947 и 2021/664, како и со соодветните AMC/GM од член 4 на овој правилник.

(4) По исклучок од став (3) на овој член во постапките кои се предвидени со овој правилник странките може да доставуваат докази за исполнетост на пропишаните услови и на англиски јазик.

(5) По исклучок од став (3) на овој член управните постапки за издавање или промена на исправите од член 2 на овој правилник, се завршуваат во најкус можен рок, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на нивното поведување.

(6) Рокот од став (5) на овој член започнува да тече од денот кога странката ја поднела целокупната документација утврдена со овој правилник за соодветното барање за што Агенцијата ќе го извести подносителот на барањето.

Член 6

(1) Агенцијата воспоставува и одржува точни системи за регистрација на УАС чијшто дизајн е предмет на сертификација и на операторите на УАС чие оперирање може да претставува ризик за безбедноста, обезбедувањето, приватноста и заштитата на лични податоци или животната средина, согласно член 14 од ЕУ Регулативата 2019/947.

(2) Системот за регистрација на УАС чијшто дизајн е предмет на сертификација е утврден во Правилникот за регистрација на воздухоплови.

(3) Согласно член 16 став 4 од ЕУ Регулативата 2019/947, Агенцијата може да им овозможи на воздухопловно моделарските клубови и здруженија да ги регистрираат своите членови во системот за регистрација воспоставен согласно став (1) на овој член, во нивно име.

Член 7

(1) Агенцијата со оперативна директива може согласно член 15 од ЕУ Регулативата 2019/947 и AMC/GM од член 4 став (1) на овој правилник да воспостави УАС географски зони доколку постојат причини поврзани со безбедноста, обезбедувањето, приватноста или животната средина.

(2) Агенцијата треба да ги направи јавно достапни информациите за УАС географските зони од став (1) на овој член, вклучувајќи го и периодот на нивна важност.

(3) Цивилно-воениот комитет може согласно член 3 од ЕУ Регулативата 2021/664, да определи УАС географски зони како U-space воздушен простор по претходно спроведен координативен процес од страна на Агенцијата воспоставен согласно член 18 точка (ѓ) од ЕУ Регулативата 2021/664 и AMC/GM наведени во членот 4 став (2) на овој правилник.

Член 8

Агенцијата може согласно член 5 став (6) од ЕУ Регулативата 2021/664 да определи единствен давател на заеднички услуги на информирање за давање на заеднички услуги на информирање на ексклузивна основа во поглед на сите или на некои U-space воздушни простори.

Член 9

(1) Типовите на УАС кои не се во согласност со ЕУ Регулативата 2019/945 и кои не се приватно произведени можат да продолжат да се користат согласно условите од член 20 на ЕУ Регулативата 2019/947, доколку биле пласирани на пазарот пред 1 јануари 2026 година.

(2) Без да е во спротивност со ставот (1) на овој член, употребата на УАС во „отворена" категорија кој не е во согласност со барањата од деловите 1 до 5 од Анексот на ЕУ Регулативата 2019/945 е дозволена до 31 декември 2026 година, под условите од член 22 од ЕУ Регулативата 2019/947.

(3) Агенцијата ќе ги конвертира дозволите или овластувањата кои се издадени согласно Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор („Службен весник на Република Македонија" бр. 187/17 и 152/18), во исправи согласно одредбите од овој правилник најдоцна до 1 јануари 2025 година.

(4) УАС операциите кои се спроведени во рамките на воздухопловно моделарските клубови и здруженија може да продолжат да се вршат согласно важечките национални правила и без овластување во согласност со член 16 од ЕУ Регулативата 2019/947 најдоцна до 1 јануари 2027 година.

(5) Одредбите од овој правилник кои се однесуваат на ЕУ Регулативата 2021/664 ќе отпочнат да се применуваат од 1 март 2027 година.

(6) По исклучок од став (5) на овој член, одредбите од член 3 став (5) точка б) и член 5 став (8) од ЕУ Регулативата 2021/664 не се применуваат до периодот утврден во член 4 од Правилникот за заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство.

(7) На физичките и правните лица кои имаат регистрирано УАС во Регистарот на воздухоплови, во Книгата за воздухоплови без екипаж, согласно Правилникот за формата, содржината, евиденцијата и постапката за издавање и промена на уверението за регистрација на воздухоплов и уверението за привремена регистрација на воздухоплов („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/21), Агенцијата ќе им издаде регистарски број на оператор согласно одредбите од овој правилник најдоцна до 31 декември 2024 година.

(8) Сите физички и правни лица кои поседуваат важечко уверение за работа со воздухоплов без екипаж или уверение за вршење обука на пилоти на воздухоплов без екипаж издадени согласно Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор („Службен весник на Република Македонија" бр. 187/17 и 152/18) треба да поднесат барање до Агенцијата за стекнување на соодветните исправи согласно одредбите од овој правилник најдоцна до 31 декември 2025 година.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престануваат да важат Правилникот за начинот и правилата на моделарство („Службен весник на Република Македонија" бр. 134/08) и Правилникот за начинот и условите за лансирање на ракети и други летачки објекти за научни, спортски и други цели што можат да ја загрозат безбедноста на воздушниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 134/08).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

Бр. 10-704/1
30 мај 2024 година
Скопје

Агенцијата за цивилно воздухопловство,
Директор,
д-р **Томислав Тунтев**, с.р.